***ВЕРИФИКА РЕВИЗИЈА ТП***
Валентина Видан Трпчевска ТП Скопје
Вера Јоциќ 21/4,1000 Скопје
тел+389(0)2 2779 301
моб +389 76 424 199

Согласно член 35 од Законот за ревизија (Сл.Весник на РМ бр.158/2010, 135/2011, 50/2012, 188/2013, 43/2014, 138/14, 145/15, 192/15, 23/16 и 83/2018) и Насоките за подготовка на Извештајот за Транспарентност издадени од СУНР во февруари 2015 год., ВЕРИФИКА РЕВИЗИЈА ТП Скопје го објавува следниот

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ЗА 2023 ГОДИНА

## 1. Опис на правната структура и сопственост на друштвото за ревизија

- **Целосен назив на субјектот**
  Трговец поединец ВЕРИФИКА РЕВИЗИЈА Валентина Видан Трпчевска ТП Скопје

- **Опис за правна форма**
  Трговец-поединец

- **Место на основање и регистрација и држава**
  Скопје, Република Македонија

- **Дата на основање според тековна состојба**
  02.11.2021

- **Регистарски број во регистар на ИОРРМ**
  ТП025

- **Лиценца за работа за вршење на работи за ревизија издадена од СУНР**
  Регистарски број на лиценца 20, број 08-322/3 од 15.11.2021 издадена од Совет за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија

- **Број на вработени лица во субјектот со состојба на 31 декември и со состојба на датум на објавување на Извештајот**
  Вработени на неопределено полно работно време на 31 декември 2023 година: 1(еден)
  Вработени на неопределено полно работно време на 28 март 2024 година: 1(еден)

- **Опис на сопственичка структура**
- Верифика Ревизија ТП Скопје е регистрирано во Централниот регистар на Република Северна Македонија како трговец поединец и е во целосна сопственост на 1(едно) физичко

- лице, овластен ревизор Валентина Трпчевска со регистарски број на лиценца 09, член на ИОРРМ
- **Приоритетна дејност / главна приходна шифра**
  69.20 – Сметководствени,книговодствени и ревизроски работи,даночно советување

- **Годишно осигурување од одговорност**:
  Максимална сума на покривање на штетен настан: 60.000 ЕУР
  Број на полиса: 13053000026528/0 од Евроинс Осигурување АД Скопје
  Период на осигурување: 11/11/2022-11/11/2023
  Број на полиса: 13053000026531/0 од Евроинс Осигурување АД Скопје
  Период на осигурување: 11/11/2023-11/11/2024

## 2. Опис на професионалната мрежа и правните и структурни аранжмани во мрежата каде што припаѓа

Верифика Ревизија ТП Скопје делува како овластен ревизор на територија на Република Македонија и не припаѓа на други професионални мрежи.

## 3. Опис на управувачката структура на друштвото за ревизија

Управител на Верифика Ревизија ТП Скопје е овластен ревизор Валентина Трпчевска.

## 4. Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет на друштвото за ревизија и изјава од овластениот надлежен орган на друштвото за ревизија за ефективноста на функционирањето на овој систем

Политиката на Верифика Ревизија ТП Скопје е да одржува високо ниво на интегритет, професионални стандарди и квалитетна услуга со константно следење на правната и економска легислатива како и одржување на степен на професионално знаење.

Во согласност со барањата на Законот за ревизија, Верифика Ревизија ТП системот за контрола на квалитет вклучува Прирачник за контрола на квалитет на ревизиите подготвен врз основа на насоките и политиките на контрола на квалитет дефинирани во Меѓународните стандарди за ревизија, Кодексот и етика на професионалните сметководители на ИФАЦ и Законот за ревизија.

Прирачникот за контрола на квалитет е изготвен врз основа на барањата содржани во:

- МСКК 1- Меѓународен стандард за контрола на квалитет кој се однесува на контрола на квалитет на ниво на ревизорска канцеларија со цел воспоставување и одржување на систем на контрола на квалитет кој обезбедува разумно уверување дека персоналот се придржува кон професионалните стандарди и законските барања и дека извештаите кои друштвото ги издава се соодветни на дадените околности и кој ги опфаќа следниве елементи: Одговорноста на раководството за спроведување на квалитетот во друштвото, Етички барања, Прифаќање и продолжување на контактите со клиентот, Човечки ресурси, Извршување на ангажман, Мониторинг.

- МРС 220-Контрола на квалитет за ревизија на финансиските извештаи кој се однесува на контрола на квалитет на поединечни ангажмани.

Одговорноста за квалитетот на ревизорската работа на друштвото ја има управителот (овластен ревизор) кој ги потпишува ревизорските извештаи. Политиките и процедурите на внатрешниот систем на контрола на квалитет предвидуваат континуирана проверка на системот на контрола на квалитет, заедно со периодична контрола на поединечни ангажмани.

Прилог: Изјава

5. **Датум на извршена последна проверка за уверување во квалитетот на ревизорот согласно член 20а од Законот за ревизија** (Сл.Весник на РМ бр.158/2010, 135/2011, 50/2012, 188/2013, 43/2014, 138/14, 145/15, 192/15, 23/16 и 83/2018)

Верифика Ревизија ТП Скопје е основано на 02.11.2021 година и примено во членство на ИОРРМ во јануари 2022 година и нема проверка за уверување во квалитет на ревизија

6. **Субјекти на кои е извршена ревизија во 2023 година**

Законски: Техноскоп ДООЕЛ Скопје, Жито Малеш АД с.Смојмирово Берово, Био Медика ДООЕЛ Скопје, МГ Инвестмет ДООЕЛ Скопје, Универзал Комерц ДООЕЛ Скопје, Еуро Фин Инвест ДООЕЛ Скопје, Билбо Логистик ДООЕЛ Скопје, ФАМ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје, Глобал Импацт ДООЕЛ Скопје, Блеро Фикас ДООЕЛ Скопје

Договорни ревизии: Аурон Брокер АД Струга, Фаст Фајнанс ДООЕЛ Скопје,ЈДБ Брокер АД Скопје, Харбин Траде ДООЕЛ Скопје, Енерика ДОО Скопје, Супер Спорт Кафе ДООЕЛ Скопје, Шварц Крафт ДООЕЛ Скопје, Симплекс ДООЕЛ Скопје, Прима Фуд ДООЕЛ Скопје, ИБАСО ДООЕЛ Скопје, Кватро Шпед ДООЕЛ Скопје, ЦВО Брокер АД Охрид, Процес К Продукција ДООЕЛ Скопје, Капиталрок Интернационал ДОО Скопје, Агро Алтернатива ДООЕЛ Скопје, Капиштец Тобако ДООЕЛ Скопје, Опен Балкан ДОО Скопје

7. **Изјава за независното работење на ТП со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени**

Верифика Ревизија ТП Скопје придава особено внимание на независноста и проверка на ситуации каде што е можно нарушување на независноста на ревизорот. Верифика Ревизија ТП Скопје има усвоено интерни процедури за независност со цел да се овозможи сите вработени да бидат независни и објективни во нивното работење. Насоките се дадени со цел да се проценат потенцијалните конфликти на интерес во работењето со одреден клиент и да се донесе одлука дали со одреден клиент може или не може да се воспостави деловен контакт.

Прилог: Изјава

## 8. Изјава за политиката што ја следи ТП за ревизија за континуирано професионално усовршување на овластените ревизори во текот на претходната година

Согласно одредбите од Законот за ревизија, овластениот ревизор во текот на 2022 година посетуваше обука во рамките на професионално континуирано усовршување организирана од страна на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија (ИОРРМ).

Прилог: Изјава

## 9. Финансиски информации

- **Листа на услуги кои ги нуди Верифика Ревизија ТП**
  - Услуги на ревизија на годишни и консолидирани сметки
  - Услуги за уверување во квалитет;
  - Даночни советодавни услуги
  - Други неревизорски услуги

- **Финансиска информација за вкупните приходи**

| | 2022 | | 2022 | |
|---|---|---|---|---|
| | (во 000 МКД) | (во %) | (во 000 МКД) | (во %) |
| Вкупен приход (во 000 МКД) | 1.993 | | 1.293* | 0 |
| Услуги на ревизии на годишни и консолидирани сметки | 1,411 | 71% | 1,265 | 98% |
| Услуги за уверување во квалитет | 582 | 29% | 28 | 2% |
| Вкупно: | 1,993 | 100% | 1,293 | 100% |

## 10. Информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор

Хонорарот на овластениот ревизор е регулирано со интерни акти на ТП, а врз основа на потрошените работни часови на работниот ангажман, квалитетот на извршена работа и вкупното финансиско работење на ТП.

Скопје, 28.03.2024

ВЕРИФИКА РЕВИЗИЈА ТП

Овластен ревизор
Валентина Трпчевска

**Прилог 1**

**ИЗЈАВА**
**Од овластениот надлежен орган на овластениот ревизор – трговец поединец за ефективноста на функционирањето на внатрешниот систем за контрола на квалитет**

Изјавувам дека Трговец поединец ВЕРИФИКА РЕВИЗИЈА Валентина Видан Трпчевска ТП Скопје во текот на 2023 година ги имплементирало сите процедури за ефикасно и ефективно функционирање на внатрешниот систем за контрола на квалитетот на ТП.

Скопје, 28.03.2024

ВЕРИФИКА РЕВИЗИЈА ТП

Овластен ревизор
Валентина Трпчевска

Трговец поединец Валентина Видан Трпчевска ТП
ВЕРИФИКА РЕВИЗИЈА
Скопје

**Прилог 2**

**ИЗЈАВА**

**за независно работење на друштвото за ревизија со кое се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени**

Изјавувам дека Трговец поединец ВЕРИФИКА РЕВИЗИЈА Валентина Видан Трпчевска ТП Скопје е независно во своето работење и дека постојат интерни процедури за проверка на независноста на вработените.

Скопје, 28.03.2024

ВЕРИФИКА РЕВИЗИЈА ТП

Овластен ревизор
Валентина Трпчевска

Трговец поединец Валентина Видан Трпчевска ТП ВЕРИФИКА РЕВИЗИЈА Скопје

**Прилог 3**

**ИЗЈАВА**
**за политиката што ја следи друштвото за континуирано професионално усовршување на овластените ревизори и останатите вработени во текот на годината**

Изјавувам дека Трговец поединец ВЕРИФИКА РЕВИЗИЈА Валентина Видан Трпчевска ТП Скопје доследно ја има следено политиката за континуирано професионално усовршување на овластениот ревизор во текот на 2023 година.

Скопје, 28.03.2024

ВЕРИФИКА РЕВИЗИЈА ТП

Овластен ревизор
Валентина Трпчевска

Трговец поединец Валентина Видан Трпчевска ТП ВЕРИФИКА РЕВИЗИЈА Скопје